РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 11-5888/2
05.11-2019 год.
КАВАДАРЦИ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА КП 968, КП 969 И ДЕЛ ОД КП 1107 КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Кавадарци** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Општина Кавадарци** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **д.и.а Цветанка Тодорова Лекоска** |
| Назив на работното место | **Раководител на одделението за урбанизам** |
| Контакт податоци за лицето | **071 328 496** |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Што произлегува од донесувањето на планскиот документ?(Пр Законска обврска или друга одредба ) |
| **Програмата за urbanистичко планирање на општина Кавадарци со бр.08-1340/9 од 28.05.2018год. ЛУПД ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени во: Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14,бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП,формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на<br>Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ, бр.142/15)** |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот ? |
| Да **X**<br>Не |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| **Не се врши измена на постоечки плански документ** |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од законот за животна средина ? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа |
| **Да, Просторно и урбанистичко планирање** |
| Дали планскиот документ определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |
| Да<br>Не **X** Член Точка Алинеја |
| Дали планскиот документ се планира реализирање на проект што е определен со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| **Не** |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| **Да. Локална урбанистичко-планска документација е со основна класа на намена Б5-хотелски комплекси и е со површина на плански опфат од 1,5 ha и истата е од локално значење за Општина Кавадарци.** |

| |
|---|
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Кон изработката на ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА КП 968, КП 969 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, се пристапи како резултат на стратегијата за урбанизација на просторот, од аспект на организација, уредување и користење на истиот. Со изработката на оваа ЛУПД треба да се добие плански документ со кој ќе се дефинира намената на површините, ќе се даде најповолно разместување на објектите и нивните меѓусебни врски и растојанија и местоположбата на санитарно-техничките постројки. Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значајните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:<br>–државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);<br>– енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;<br>– градежните објекти важни за Државата;<br>– капацитетите на туристичката понуда;<br>–стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);<br>– капацитетите за користење на природните ресурси.<br>Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:<br>– намената и користењето на површините;<br>– мрежата на инфраструктура;<br>– мрежата на населби;<br>– заштитата на животната средина.<br>Една од целите на оваа ЛУПД е овозможување на содржини во функција на стопанскиот развој, преку развојот и проширување на понудите за планински туризам. |
| Предмет на планскиот документ.(пр транспорт,планирањена простор и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| Период за донесување на планскиот документ |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа ) |
| Планскиот опфат е лоциран на ~40км од центарот на градот Кавадарци. Планскиот опфат преку пристапниот пат од источната и североисточната страна, се надоврзува на Р29171(Демир Капија (врска со Р1102)-Крњево-Конопиште-Мушов Гроб (спој со Р1107)), а преку Р29171 се поврзува со Р1107 (Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3)).<br>Предметниот плански опфат ги опфаќа КП 968, КП 969 и дел од КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ и зафаќа површина од ~1.5ha.<br>Описот на планскиот опфат почнува од север и се движи кон исток во насока на стрелките на часовникот. Од северната и источната страна граничи со КП 1107-пат, од југозападна страна граничи со КП 966, од северозападна страна граничи со КП 957.<br>Границата на планскиот опфат е дефинирана со координати на прекршни точки. |






Целите и /или предлог целите што треба да се постигнат со реализирање на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

| | |
|---|---|
| Да | |
| Не | X |

Дали е приложена копија од целите?

| | |
|---|---|
| Да | |
| Не | X |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги потполните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можело да имаата значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Посебни потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ нема

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Б5-хотелски комплекси, КО Конопиште, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентностаи повратноста на влијанијата | |
| Комулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Локацијата се наоѓа во непосреда близина на границата со соседна Грција, на околу 4,5км до граница. |
| Ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Оддалеченоста на локацијата од најблиската амбуланта |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Предметниот плански опфат се наоѓа надвор од населено место на КП бр. 968, КП бр. 969 и дел од КП 1107 КО Конопиште, Општина Кавадарци и истиот зафаќа површина од 1,5ха. |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

Реализацијата на Локалната урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Б5-хотелски комплекси во КО Конопиште, Општина Кавадарци на површина на плански опфат од 1,5 ha, ќе биде во функција на развој на економските активности и согласно определбите од "Просторниот план на Република Македонија" треба да базира на пазарните законитости и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.
Туризам и организација на туристички простори
– Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион во кој се утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети.
– Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:

Во овој плански опфат утврдениот простор ограничен со градежни линии има основна класа на намена: -Б5 - хотели во кои спаѓаат сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер со компатибилни класи на намена со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени до 40% во однос на основната класа на намена: Б1-Мали комерцијални и деловни дејности-40%, Б2-Големи трговски единици-40%, Б3-Големи угостителски единици-40%, Б4-Деловни дејности-40%, Б6-Простори за собири-40%, В2-здравство и социјална заштита-40%, В3-Култура-40% и Д3-Спорт и рекреација-40%. Во планскиот опфат планирана е намена на земјиштето: 1. Б5-Хотелски комплекс...15 018,06м² (100%) (површина на плански опфат.................. 15 018,06м² (100%) Намената на земјиштето е утврдена согласно член 25 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.142/15, бр.217/15, бр.222/15, бр.228/15, бр.35/16, бр.99/16, бр.134/16, бр.33/17 и бр.86/18), како наменска зона. Тоа е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

| | |
|---|---|
| Потребни природни карактеристики или културно наследство | Врз основа на барање до министерство за култура добиен е допис Бр. 17-2110/2 27.05.2019 во кое е констатирано дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра кои претставуваат културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуват надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во овој плански опфат утврдениот простор ограничен со градежни линии има основна класа на намена: -Б5 - хотели во кои спаѓаат сите видови хотели и хотелски комплекси кои имаат различни содржини од услужен карактер со компатибилни класи на намена со максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени до 40% во однос на основната класа на намена: Б1-Мали комерцијални и деловни дејности-40%, Б2-Големи трговски единици-40%, Б3-Големи угостителски единици-40%, Б4-Деловни дејности-40%, Б6-Простори за собири-40%, В2-здравство и социјална заштита-40%, В3-Култура-40% и Д3-Спорт и рекреација-40%. |
| Влијанијата на областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународно заштитени подрачја | Нема |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во Изводот од ЛУПД ќе бидат содржани општите и посебните услови за начинот на изградба, развој и користење на градежното земјиштето. Изводот од ЛУПД ќе се користи за добивање на одобрение за градење, за изработка на Архитектонско-урбанистички проекти и други потреби кои ќе произлезат по нејзино донесување.
За целосно да се реализира концептот на ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА КП 968, КП 969 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, потребно е да се запазат и почитуваат сите предвидени мерки, насоки и услови со кои се регулира изградбата на објектите и уредувањето на планскиот опфат заедно со другите инфраструктурни објекти и останатите содржини, кои произлегуваат од овој документ.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Предметниот плански опфат е лоциран на ~40км од центарот на градот Кавадарци. Истиот е надвор од населено место. Истиот се наоѓа во непосредна близина на Македонско - Грчка граница на околу 4,5км. Планскиот опфат преку пристапниот пат од источната и североисточната страна, се надоврзува на Р29171(Демир Капија (врска со Р1102)-Крњево-Конопиште-Мушов Гроб (спој со Р1107)), а преку Р29171 се поврзува со Р1107 (Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово (врска со А3)).
Според определбите на Просторниот план, идбиот развој и разместеноста на услужните дејности треба да се базираат на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантните законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работната средина.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на зажтита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр.еден инфраструктурен план може да има поголеми влијаанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Дадените природни фактори го детерминираат просторно-физичкиот развој на опфатот, како составен дел на истиот во неговото опкружување. Од нив произлегува развојот на основните функции и урбаната инфраструктура. Просторот во планскиот опфат на ЛУПД ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО НАМЕНА Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ И ФОРМИРАЊЕ НА ГП 1, НА КП 968, КП 969 И ДЕЛ ОД КП 1107, КО КОНОПИШТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, претходно бил дел од поширок опфат на Генерален урбанистички план за туристичко-рекреативен центар Михајлово, КО Конопиште, КО Михајлово (кој според законската регулатива не е во важност) и во рамки на опфатот егзистираат објекти од туристичко рекреативен карактер, патна и комунална инфраструктура. Понатамошниот развој на просторот би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз опкружувањето од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите, како и уреденост на просторот.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да се предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Можна закана од области на животната средина од предвидените за изградба на објекти од основна класа на намена Б5-хотелски комплекси, КО Конопиште, Општина Кавадарци се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:
-вршењето различни дејности;
-отпадот;

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки кои што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

| |
|---|
| За предметниот плански опфат претходна урбанистичка документација нема, затоа согласно член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18), за планскиот опфат изработени се Услови за планирање на просторот, врз основа на Просторниот план, изработени од Агенција за планирање на просторот со тех бр.Y08419, со Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за планирање на просторот со арх бр.УП1-15 890/2019 од 09.07.2019г. Со оваа ЛУПД се дефинира градежната парцела, урбанистичките параметри за истата и се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето и градбите. Тоа значи дека конечните површини за градба, максималнтаа висина и останатите потребни параметри за изработка на Основен проект ќе се определат преку изработка на Архитектонско урбанистички проект, согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, бр.44/15, бр.193/15, бр.31/16, бр.163/16, бр.64/18 и бр.168/18). Во утврдениот простор ограничен со градежни линии се дозволува поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениоот процент со оваа урбанистичка документација. Планскиот концепт, со утврдените регулациони и утврдениот простор ограничен со градежни линии, овозможува уредување на просторот во квалитетна композиција. Сообраќајното поврзување претставува главен двигател на развојот на просторот. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали предходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |
| / |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена врз влијание на животната средина). |
| / |

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавувам дека податоците дадени во овој формулар се точни вистинити и комплетни | |
| функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Заменик Градоначалник<br>Никола Трендафилов |
| Датум | 31/10/2019 | |
| Место | Кавадарци | М.П |